# Дебарско Езеро - Акумулација Шпиље



Акумулацијата Шпиље или Дебарско Езеро  се наоѓа во дебарската котлина. Изградено е на реката Црни Дрим, а ги заезерува и водите од долниот тек на реката Радика кај Шпилски мост, на околу 5 километри од Дебар, и водите на речните токови што се формираат на југозападната страна на планината Стогово и североисточната страна на планината Јабланица. Браната е земјено-насипна, изградена во 1969 година и е лоцирана непосредно до македонско-албанската граница 6 км западно од Дебар. Височината на браната изнесува 101 м. Се наоѓа на кота од 587 м надморска височина, има должина од 330 м и широчина од 10 м. Вкупната должина на езерото изнесува 22 км, просечната широчина 0,6 км, а најголемата длабочина 94 м. Зафаќа површина од 13,2 км2 и акумулира 520 милиони м3 вода а корисниот волумен изнесува 223 милиони метри кубни. Температурата на површинскиот слој на езерската вода изнесува 14,4 степени Ц, при што минималната се спушта до 3 степени Ц, а максималната

достигнува до 23,9степени Ц. Бојата на водата е небесно сина со проѕирност од 4,4 м во средишниот дел до 2,5 м во крајбрежниот појас. Водите од ова езеро се користат за производство на електрична енергија преку хидроцентралата Шпиље, со инсталирана сила од 66 Мега Вати, потоа за наводнување на околу 1.980 ха обработливо земјиште во Дебарско Поле, за рекреација и спортски риболов, а во поново време и за комерцијално одгледување на риби преку кафезниот систем. Средните годишни врнежи во ова подрачје изнесуваат 900 мм. Водата во акумулацијата Шпиље, според уредбата за класификација на водите може да се заклучи дека таа припаѓа во 2 и 3 класа. Од трофичка гледна точка акумулацијата спаѓа во еутрофни акумулации.

| **Видови на риби во акумулација Шпиље** | |
|---|---|
| Вид на риба | Latinsko ime |
| Охридска пастрмка | *Salmo letnica* (Kar.) |
| Mavrovska pastrmka | *Salmo farioides* (Kar.) |
| Скобуст | *Chondrostoma nasus* (L.) |
| Грунец | *Rutilus rubilio* (Bon.) |
| Мрена | *Barbus meridionalis* (Ris.) |
| Моранец | *Pachychilon pictum* (Hec. et Kn.) |
| Јагула | *Anguilla anguilla* (L.) |
| Плашица | *Alburnus alburnus* (L.) |
| Карас | *Carassius gibelio* (Bloch.) |
| Крап | *Cyprinus carpio* (L.) |
| | |
| | |

























